# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АМНЕСТИЈА НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ ЈА ИЗВРШИЛЕ ВОЕНАТА ОБВРСКА

**"Сл. весник на Р Македонија" бр. 49/04, од 21.07.2004 год.**

## Член 1

Во Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/2003), **членот 2 се менува** и гласи:

"Против лицата кои на 31 декември 2003 година биле на возраст од 27 до 30 години, а кои не се воведени во воената евиденција, не се отповикале на покана за воена обврска, ја одбегнале воената служба или самоволно се оддалечиле од вооружените сили, нема да се поведе кривична постапка или ќе се запре поведената кривична постапка, доколку во рок од 12 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон се јават во подрачните единици на Министерството за одбрана заради регулирање на воената обврска или заради преведување во резервен состав."

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".